ПРЕДЛАГАЧ: Бојан Стојаноски

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јануари 2025 година

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено: / E pranuar: 08. 01.
Орг. Един. / Njes.a Org: 08
Број / Numer: 71/1
Прилог / Shtojca:
Вредност / Vlera:

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Бојан Стојаноски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во член 30 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата е утврдено дека за прекршоците определени со Законот за заштита на конкуренцијата, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата, односно не е јасно прецизирано која Комисија е надлежна да води прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и да изрекува прекршочна санкција. Имено во член 30 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата е наведено дека Комисијата за одлучување по прекршок работи и одлучува на седница, со мнозинство гласови од вкупниот број членови, член на Комисијата за одлучување по прекршок не може да биде воздржан од гласање. Дополнително и во членовите од 31 до 46 од Законот за заштита на конкуренцијата  се даваат надлежности во прекршочната постапка на Комисија за одлучување по прекршок. Оттука, се неопходни измени на Законот за заштита на конкуренцијата, со цел јасно да се утврди која Комисија е надлежна да води прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата и да изрекува прекршочна санкција.

Со предложените измени и дополнувања на Законот за заштита на конкуренцијата се врши допрецизирање на надлежноста и составот на Комисијата која води прекршочни постапки и изрекува прекршочни санкции.

Имено со измените и дополнувањата на Законот за заштита на конкуренцијата се врши јасно дефинирање на надлежноста на Комисијата за одлучување по прекршок да води прекршочни постапки и да изрекува прекршочни санкции.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложениот закон е јасно дефинирање на надлежноста пред Комисијата за заштита на конкуренцијата прекршочни постапки да води и прекршочни санкции да изрекува Комисијата за одлучување по прекршок. Исто така со измените јасно се дефинира и составот на Комисијата за одлучување по прекршок.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства од државниот Буџет.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на членот 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

Член 1

Во Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.208/24) во членот 30 во ставот (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите ,,за одлучување по прекршок.“.

По ставот (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„(2) Комисијата за одлучување по прекршок е составена од претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Претседател на Комисијата за одлучување по прекршок е претседателот или еден од членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и истиот задолжително треба да биде дипломиран правник со положен правосуден испит“.

Ставот (2) станува став (3).

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата содржи 2 члена.

Со членот 1 став (1) јасно се утврдува дека за прекршоците определени со Законот за заштита на конкуренцијата, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок

Во ставот 2 од членот 1 се прецизира дека Комисијата за одлучување по прекршок е составена од претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, како и дека претседател на Комисијата за одлучување по прекршок е претседателот или еден од членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и истиот задолжително треба да биде дипломиран правник со положен правосуден испит“.

.
Со членот 2 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се допрецизираат одредбите во Законот.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 30

„(1) За прекршоците определени во овој закон, прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата.

(2) Комисијата за одлучување по прекршок работи и одлучува на седница, со мнозинство гласови од вкупниот број членови. Член на Комисијата за одлучување по прекршок не може да биде воздржан од гласање.“.